Локален младински совет на Општина Охрид

Врз основа на Статутот на Советот на Општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“ член 73), како и Одлуката за формирање Локалниот младински совет, врз основа на Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/2020), Локалниот младински совет на Општина Охрид, врз основа на седница одржана на 27.03.2024 го донесе следниов:

# ДЕЛОВНИК

**за**

# РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ на ОПШТИНА ОХРИД

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

- За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на Општина Охрид, согласно Законот за младинско учество и младински политики објавен во Службен весник на РСМ бр. 10 од 14.01.2020 година и Статутот на Општина Охрид член 74 се наметнува потреба од конституирање на Локален совет на млади на Општина Охрид.

Scanned with CamScanner

**Член 2**

• Со Деловникот се уредува припремањето, начинот на работа и одлучувањето на Локалниот младински совет на Општина Охрид (во понатамошниот текст: ЛМС на Општина Охрид).

НАДЛЕЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ

**Член 3**

Претседателот на ЛМС:

- Свикува седници и со нив претседава;
- Ги потпишува актите кои ги донесува ЛМС и се грижи за нивно спроведување;
- Ја обезбедува и ја насочува работата и дејствувањето на ЛМС согласно Статутот/ Одлуката за формирање/Деловникот;
- Презема мерки за спроведување на заклучоците на ЛМС;
- Се грижи за извршување на Програмата и плановите за работа на ЛМС;
- Одлучува за одржување состаноци, седници, советувања во врска со разгледување прашања во надлежност на ЛМС.

**Член 4**

- Претседателот/ката на ЛМС го/ја заменува заменик - претседателот/ката на ЛМС.

**Член 5**

Членовите на ЛМС имаат право и должност да:

- Присуствуваат на седниците на ЛМС,
- Предлагаат одредени прашања кои се во надлежност на работата на ЛМС,
- Учествуваат во одлучувањето и да даваат иницијативи за работа на Советот,

Scanned with CamScanner

- Бидат во тек и да учествуваат во подготовка на материјалите што ги донесува ЛМС,

- Учествуваат во работата на комисиите.

- Секој член има право да бара од Локалното собрание на млади и ЛМС да се заземе став по прашање значајно за спроведување на активностите и политиката на ЛМС.

ПОСТАПКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА ЛМС

**Член 6**

- Членот на ЛМС кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седницата, е должен благовремено да го извести претседателот/ката.

- Ако некој член подолго време е спречен да присуствува на седници должен е да го извести претседателот/ката и за тоа да побара посебно одобрение, за кое ЛМС посебно ќе одлучува во согласност со Статутот и Одлуката за основање ЛМС.

- Доколку има последователни три неоправдани отсуства, членот може да биде разрешен и на негово место да биде назначено друго лице.

**Член 7**

- Членот на ЛМС е одговорен за застапување и спроведување на ставовите на ЛМС, а должен е да ги извести членовите на ЛМС (претседателот/ката, заменик - претседателот/ката) за извршување на сите работи што му биле доверени.

**Член 8**

- ЛМС одржува седница најмалку еднаш во месецот. По исклучок заради итноста за постапување по одделни активности претседателот може да определи седницата да се одржи во пократок рок.

**Член 9**

- За текот на работата на Локалниот младински совет се води записник. Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, а посебно заклучоците, одлуките и

Scanned with CamScanner

решенијата донесени на седницата по повод разгледувањето на прашањата од дневниот ред. Записникот се доставува до членовите на ЛМС со покана за наредната седница.

**Член 10**

• Записникот се усвојува на почетокот на наредната седница. При усвојувањето на Записникот, секој член на ЛМС има право да стави забелешки на Записникот. За забелешките кои ќе се усвојуваат, се прави исправка на Записникот.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

• Изменување и дополнување на овој Деловник ќе се врши на начин и постапка според која се донесува.

**Член 12**

• Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

**ЛМС ОХРИД**

**Претседател**

Игор Јосифоски

Охрид,

27.03.2024

Scanned with CamScanner